# З А П И С Н И К
## Од Дваесет и деветата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 10.02.2026 година, во 13:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Дваесет и деветата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Томислав Кежаровски, Беким Лачи, Марјан Велевски, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Лазо Трпков, Владимир Палашевски, Миле Грозданоски, Маја Седрак и Музбајдин Ќамиљи.*

Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски, Директор на МРТ.*

Дваесет и деветата седница на Програмскиот совет започна во 13:13 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Дваесет и деветата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Пристигнати предлози од јавна расправа по Предлог-Статут на ЈРП МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Пристигнати предлози од јавна расправа по Предлог-Статут на ЈРП МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски ја отвори првата и единствена точка од Дневниот ред, по однос на пристигнатите предлози од јавната расправа по Предлог-Статутот на МРТ со нивно презентирање пред присутните на Седницата.
Тој започна со предлогот доставен по јавната расправа за Предлог-статутот на МРТ, кој се однесува на уредување на прашањето за логото и визуелниот идентитет на МРТ. На барање на директорот на МРТ како предлагач на Статутот, а во координација со Претседателот на Програмскиот совет, предлагаат разгледувањето на овој предлог да биде одложено за наредна седница, со цел да се спроведат дополнителни проверки и консултации со соодветни надлежни институции и стручни служби.
Претседателот Пашоски појасни дека целта на ваквиот пристап е да се обезбеди целосно правно и законски издржано решение, усогласено со прописите од областа на индустриската

сопственост, употребата на јазиците и заштитата на идентитетот на јавниот сервис, како и да се избегнат можни различни толкувања или правни ризици во иднина.

Воедно овој предлог беше даден од страна на Бурим Рамадани, член на Програмскиот совет на МРТ.

Понатаму тој продолжи со предлог кој се однесува на вметнување на неколку нови членови кои се однесуваат на судир на интереси и тоа:

**Образложение по предлог измени и дополнувања (членови 39-а до 39-д)**

При уредувањето на прашањата поврзани со судир на интереси, целта е да се зајакне институционалната, уредничката и финансиската независност на МРТ, без воведување дополнителни или проширени ограничувања кои не се предвидени со закон и без создавање нови услови за пристап до јавна функција.

Предложените решенија од страна на Програмскиот совет се темелат на:

- почитување на хиерархијата на правните акти (Устав – закон – статут);
- усогласеност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- заштита од дискриминација и произволно толкување;
- почитување на уставно загарантираните права на еднаквост, работа, професија и достапност до јавна функција;
- фокус на реален судир на интереси и јасни процесни обврски.

Со тоа, Статутот обезбедува балансиран и применлив систем за спречување судир на интереси.

**Предлог 39-а → Нов член 40 (Судир на интереси – општа одредба)**

**Образложение**

Се утврдува општа дефиниција на судир на интереси, без воведување нејасни категории кои би можеле да доведат до субјективни толкувања.

**Финален текст**

**Член 40**

(Судир на интереси – општа одредба)

Судир на интереси постои кога приватен, финансиски, професионален, семеен или политички интерес на лице опфатено со овој Статут може да влијае врз неговата независност, непристрасност и објективност при вршење на функцијата.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Предлог 39-б → Нов член 41 (Судир на интереси – директор и заменик директор)**

**Образложение**

Условите за избор, неспоивоста на функцијата и мандатот на директорот и заменик директорот се веќе уредени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

Статутот. Предложената одредба не воведува нови услови за избор, туку утврдува ограничувања кои важат исклучиво за времетраење на мандатот.

**Финален текст**

**Член 41**

(Судир на интереси – директор и заменик директор)

Директорот и заменик директорот на МРТ, за време на вршење на функцијата, не смеат:

– да бидат сопственици, косопственици, управители или советници во медиумски, маркетинг, ПР или продукциски правни лица регистрирани на територијата на Република Северна Македонија;

– да имаат директен или индиректен финансиски интерес во правни лица кои имаат договорен однос со МРТ;

– да вршат друга јавна или приватна функција неспоива со независноста на јавниот радиодифузен сервис.

Директорот и заменик директорот на МРТ се должни веднаш да го известат Програмскиот совет доколку случаите дефинирани од став (1) на овој член постојат за негов брачен другар, вонбрачен партнер и роднини по крв или сватовство од прв степен.

Забраните од став (1) важат исклучиво за времетраење на мандатот.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Дополнителен предлог → Нов член 42 (Судир на интереси – Директор на Македонска Телевизија и Директор на Македонско радио)**

**Образложение**

Иако условите за избор и надлежностите на директорот и заменик директорот на МРТ се уредени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Македонска телевизија и директорот на Македонско радио имаат значајна улога во управувањето со програмските сервиси и носењето одлуки кои можат да влијаат врз уредничката и финансиската независност.

Со предложената одредба не се воведуваат нови услови за избор, туку се утврдуваат ограничувања што важат исклучиво за времетраење на мандатот, со цел спречување судир на интереси и зајакнување на институционалната независност.

Решението е усогласено со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со уставните начела за еднаков пристап до јавна функција и право на работа.

**Финален текст**

**Член 42**

(Судир на интереси – директор на Македонска телевизија и директор на Македонско радио)

Директорот на Македонска телевизија и директорот на Македонско радио, за време на вршење на функцијата, не смеат:

– да бидат сопственици, косопственици, управители или советници во медиумски, маркетинг, ПР или продукциски правни лица регистрирани на територијата на Република Северна Македонија;
– да имаат директен или индиректен финансиски интерес во правни лица кои имаат договорен или деловен однос со МРТ, Македонска телевизија или Македонско радио;
– да вршат друга јавна или приватна функција или дејност која може да влијае врз нивната независност, непристрасност и професионално извршување на функцијата;
– да учествуваат во донесување одлуки поврзани со лица или правни субјекти со кои тие или нивни блиски лица имаат личен, финансиски или друг интерес.
Директорот на Македонска телевизија и директорот на Македонско радио се должни писмено и без одлагање да го известат Директорот на МРТ и Програмскиот совет доколку околностите од став (1) на овој член постојат за нивниот брачен другар или вонбрачен партнер; роднини по крв или по сватовство од прв степен.
Во случај на постоење или утврдување на судир на интереси, Програмскиот совет може да побара разрешување на директорот на Македонска телевизија, односно директорот на Македонско радио, согласно со овој Статут и важечките прописи.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Предлог 39-в → Нов член 43 (Судир на интереси – Програмски совет и Надзорен одбор)**
**Образложение**
Неспоивоста на функцијата за членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор е веќе утврдена со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со оваа одредба се уредува процесното постапување во конкретни случаи на судир на интереси.
**Финален текст**
**Член 43**
(Судир на интереси – Програмски совет и Надзорен одбор)
Членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор се должни да постапуваат во согласност со одредбите за спречување на судир на интереси и неспоивост на функција утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и другите важечки прописи.
Во случај на постоење на судир на интереси, членот е должен веднаш да се изземе од расправа и гласање, што задолжително се нотира во записникот.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Предлог 39-г → Нов член 44 (Судир на интереси – уредници на програмски сервиси)**

**Образложение**

Одредбата ја зајакнува уредничката независност и спречува политичко и економско влијание, без да воведува апсолутни забрани за вршење професија.

**Финален текст**

**Член 44**

(Судир на интереси – уредници на програмски сервиси)

Главните и одговорни уредници и уредниците на програмски сервиси не смеат:

– да бидат сопственици, косопственици, управители или советници во медиумски, маркетинг, ПР или продукциски правни лица;

– да имаат директен или индиректен финансиски интерес во правни лица кои имаат договорен однос со МРТ;

– да вршат надворешна уредничка или продукциска дејност без писмена согласност од МРТ;

– да примаат надоместоци, подароци или комерцијални услуги од субјекти за кои известуваат, во рамките на позитивните законски прописи;

– да дозволат политичко или економско влијание врз уредничките одлуки.

Лицата од став (1) на овој член се должни да се изземат од одлучување во случаи на кога постои судир на интереси.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Предлог 39-д → Нов член 45 (Пријавување и одговорност)**

**Образложение**

Се воведува обврска за пријавување на судир на интереси и се задржува санкционирањето во рамки на постојната законска и статутарна рамка.

**Финален текст**

**Член 45**

(Пријавување и одговорност)

Лицата опфатени со членовите 41, 42, 43, 44 од овој Статут се должни без одлагање писмено да пријават постоење или сомневање за постоење на судир на интереси до надлежниот орган во МРТ, а директорот и заменик директорот – до Програмскиот совет на МРТ.

Непријавувањето, прикривањето или неточното пријавување на судир на интереси претставува основ за утврдување одговорност согласно со закон, овој Статут и другите важечки акти на МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Следно, Претседателот продолжи со образложение во однос на предлозите доставени од Валбона Бајрами.

Програмскиот совет ги разгледа доставените предлози од Валбона Бајрами имајќи ги предвид Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Предлог-статутот на МРТ и хиерархијата на правните акти, согласно која Статутот претставува подзаконски акт и не може да уредува прашања на начин што би излегол надвор од или би бил спротивен на законските решенија.

По направената анализа, се констатира дека значаен дел од прашањата опфатени со предлозите се веќе уредени со важечкиот закон и со одредбите на Предлог-статутот, додека дел од нив по својата природа припаѓаат на сферата на стратешки политики, интерни акти и идни законски решенија, а не на ниво на статут.

Во однос на финансиската и буџетската независност, моделот на финансирање на МРТ е утврден со закон и истиот е усогласен со Предлог-статутот, при што со Статут не може да се воспостави различен или нов систем на финансирање. Истовремено, се нотира дека потребата од понатамошно зајакнување на институционалната и финансиската автономија на јавниот сервис е препознаена како важно стратешко прашање, за кое Програмскиот совет има јасна определба да се отвори јавна дебата во контекст на евентуална подготовка на посебен Закон за МРТ.

Во однос на статусот на вработените, уредничката автономија и политичката независност, овие начела се веќе утврдени со Законот и со Статутот, каде изрично е наведено дека МРТ како јавен радиодифузен сервис е независна, а новинарите и уредниците немаат статус на јавни службеници. Дополнително, со Предлог-статутот се предлагаат и нови членови со кои системски се уредува прашањето на судир на интереси, што директно придонесува кон зајакнување на уредничката и институционалната независност.

Во однос на архивата, имотот и транспарентноста, овие прашања се регулирани со постојната законска рамка и со Статутот, при што се согласуваме дека постои простор за нивно понатамошно унапредување преку интерни акти, дигитални решенија и техничко-технолошки развој, но не и потреба од дополнително статутарно нормирање.

Во однос на јавната расправа и учеството на јавноста, Предлог-статутот веќе предвидува задолжителна јавна расправа при суштински измени на Статутот, со јасно утврден минимален рок, со што се обезбедува соодветен механизам за транспарентност и инклузивност. Јавноста и транспарентноста се меѓу приоритетите на Програмскиот совет, што се потврдува и со практиката на организирање јавни седници и консултации со засегнатите страни.

Во однос на вештачката интелигенција, информативниот интегритет и етиката, Програмскиот совет ја дели оценката за значајноста на овие теми и нотира дека во наредниот период е неопходно унапредување и усогласување на Етичкиот кодекс и зајакнување на работата на Етичката комисија, како најсоодветен механизам за уредување на овие прашања.

Во однос на предлогот за формирање посебни нови тела (како Одбор за диверзитет), се оценува дека ваквите надлежности веќе се во рамки на законски утврдените овластувања на

Програмскиот совет и другите органи на МРТ, и нивно дополнително институционализирање преку нови тела не е предвидено со закон.
Имајќи го предвид наведеното, се оценува дека во оваа фаза не постои основ за прифаќање на посебни статутарни измени по предлозите на Валбона Бајрами, бидејќи најголемиот дел од нив се веќе покриени со закон и со Предлог-статутот, додека останатите прашања претставуваат легитимни теми за понатамошна стратешка разработка и евентуални идни законски решенија.

Претседателот на Програмскиот совет го стави на гласање предлогот од Валбона Бајрами да се отфрли:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Потоа Претседателот продолжи со образложение во однос на предлогот за задолжително формирање советоден тим од надворешни стручни лица.
Во однос на предлогот со кој се бара во Статутот на МРТ да се предвиди задолжително формирање советодавен тим составена од надворешни медиумски стручни лица, се укажува дека Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не предвидува постоење на вакво тело, ниту воспоставување на ваков механизам во системот на управување со јавниот радиодифузен сервис.
Надлежностите во делот на стратешкото планирање, утврдувањето на програмските начела, следењето на исполнувањето на јавниот интерес, како и разгледувањето на стратешките и програмските документи, се веќе јасно и прецизно утврдени со закон и Статут, преку надлежностите на Програмскиот совет и директорот на МРТ, како и преку постапки кои вклучуваат јавни расправи, јавни седници и транспарентни консултативни процеси.
Воведувањето на обврска за формирање дополнителна советодавна структура би создало паралелен механизам кој може да доведе до преклопување и нејасно разграничување на надлежностите меѓу органите на МРТ, што не е во согласност со принципите на правна сигурност, јасна институционална хиерархија и законитост.
Поради наведеното, се предлага овој предлог да не биде прифатен и да не се вградува во Статутот на МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Збор побара Билјана Бабиќ која имаше забелешка на тоа дека, многу од доставените предлози се без име и презиме на предлагачот и дека во иднина вакви неидентификувани предлози не треба да бидат предмет на разгледување од страна на Програмскиот совет.
Бурим Рамадани се согласи и рече дека треба точно да биде наведено името и презимето на предлагачот.

Во таа насока, Програмскиот совет едногласно усвои заклучок дека во иднина, при распишување јавни расправи, во јавните повици јасно ќе биде наведено дека ќе се разгледуваат исклучиво предлози и мислења доставени од идентификувани предлагачи, односно со наведено име и презиме, како и основни контакт податоци, со цел обезбедување транспарентност, кредибилитет и одговорност во консултативниот процес.

Понатаму Претседателот Давор Пашоски продолжи со образложение во однос на доставените амандмани на Живко Јанковски.
По извршената анализа на доставените амандмани, се утврди дека најголемиот дел од предложените решенија се веќе уредени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Предлог-статутот на МРТ, односно претставуваат повторување на законски одредби или декларативно формулирање на начела кои директно се применуваат.
Дополнително, дел од амандманите предвидуваат воведување на нови обврски, механизми или тела кои не се утврдени со закон, што би значело излегување надвор од законската рамка и можност за судир со принципот на хиерархија на правните акти.
Имајќи го предвид наведеното, како и потребата Статутот да остане јасен, функционален и усогласен со важечката законска регулатива, се предлага доставените амандмани да не бидат прифатени, бидејќи постојната верзија на Предлог-статутот, со веќе предложените корекции, обезбедува соодветна заштита на независноста на МРТ, јавниот интерес и уставно загарантираните права.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот продолжи со образложение во однос на доставените амандмани од декларативен карактер и предлог за вметнување рамковна одредба за обука и професионален развој.
По извршена анализа на доставените амандмани кои се однесуваат на јавна вредност, EBU Public Value Test, архивирање, медиумски иновации, вештачка интелигенција, заштита на податоци (GDPR), јавни дебати, зелени политики и други слични теми, се утврди дека најголемиот дел од овие предлози се од декларативен карактер или се однесуваат на политики и практики кои веќе произлегуваат од јавната мисија на МРТ, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од постојните одредби на Предлог-статутот.
Имајќи ја предвид улогата на Статутот како основен акт за уредување на организацијата, надлежностите и постапките во МРТ, како и потребата да се зачува неговата јасност и функционалност, се оценува дека ваквите прашања соодветно се уредуваат преку интерни политики, стратегии, правилници и програмски документи, а не преку Статут.
Истовремено, се предлага да се прифати дел од овие предлози кој се однесува на зајакнување на човечките капацитети, преку вметнување одредба за континуирана обука и

професионален развој на вработените, што е во согласност со законската рамка и европските практики.

**По член 11 од Статутот** (делот кој се однесува на дејноста и развојните активности на МРТ).

**Предлог нов член**

**По член 11 се додава нов член 12, кој гласи:**

МРТ се залага за континуирана обука и професионален развој на вработените, вклучително и во областа на дигиталните технологии и вештачката интелигенција, согласно своите можности и интерни акти.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Понатаму се разгледуваше образложение во однос на доставените амандмани XXI–L на Предлог-статутот на МРТ.

Во однос на доставените амандмани XXI–L, по нивно разгледување и правна анализа, се утврди дека најголемиот дел од предложените решенија се веќе уредени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Предлог-статутот на МРТ, односно се однесуваат на прашања кои претставуваат законски обврски или се веќе содржани во постојните статутарни одредби.

Такви се, меѓу другото, прашањата поврзани со донесување на годишна програма, меѓународна соработка и усогласување со европски стандарди, јавната мисија и програмските обврски на МРТ, надворешната ревизија на финансиското работење, како и постоењето на стратешки и развојни документи.

Дополнително, дел од амандманите се од декларативен карактер или се однесуваат на програмски и оперативни политики кои, по својата природа, соодветно се уредуваат преку годишни програми, стратегии и интерни акти, а не преку Статут.

Имајќи ја предвид улогата на Статутот како основен акт за уредување на организацијата, надлежностите и постапките во МРТ, се предлага овие амандмани да не бидат прифатени, бидејќи постојната верзија на Предлог-статутот, со веќе направените корекции, обезбедува соодветна и доволна правна рамка за функционирањето на јавниот радиодифузен сервис.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Следно беше образложението за амандманите I–XX на Предлог-статутот на МРТ.

По разгледување на доставените амандмани I–XX, Претседателот Давор Пашоски констатираше дека најголемиот дел од предложените решенија се веќе уредени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Предлог-статутот на МРТ, односно претставуваат повторување на законски одредби или декларативно формулирани принципи.

Дел од амандманите предвидуваат воведување нови тела, дополнителни механизми или нови обврски кои не се предвидени со закон, што би значело излегување надвор од законската рамка и можност за судир со принципот на хиерархија на правните акти.
Во однос на предлозите што се однесуваат на етичките стандарди, се укажува дека Предлог-статутот веќе предвидува можност за донесување на акти и кодекси, вклучително и Етички кодекс. Дополнително, Програмскиот совет веќе има донесено став дека постојниот Етички кодекс треба да се унапреди и усогласи со современите медиумски практики и опкружувања, како и дека е потребно да се подобри функционирањето на Етичката комисија. Овие прашања соодветно се уредуваат преку посебни интерни акти, а не преку Статут.
Како единствено оправдано дополнување, се предлага да се **прифати амандманот кој се однесува на развој и унапредување на дигиталните и онлајн сервиси и истиот да се вгради како дополнување на член 11, со нов посебен став кој гласи:**
МРТ, во рамки на својата јавна мисија, развива и унапредува дигитални и онлајн програмски и мултимедијални сервиси, вклучително веб и други дигитални платформи, во согласност со важечката законска рамка, професионалните и европските стандарди, а начинот на нивното уредување и функционирање се уредува со посебни внатрешни акти на МРТ.
Останатите амандмани се предлага да не бидат прифатени.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Понатаму Претседателот даде образложение во однос на предлозите доставени од ЗНМ.
Програмскиот совет ја препознава улогата на Здружението на новинарите на Македонија како релевантен партнер во медиумскиот сектор, чии анализи, извештаи и препораки претставуваат корисен придонес во рамки на јавната дебата за медиумските политики, вклучително и во контекст на извештаите на Европската комисија, особено во делот на медиумите и медиумските слободи во државата.
Во таа насока, доставените предлози и придружната ЕУ-проценка за законодавната рамка на јавниот сервис беа внимателно разгледани, при што се констатира дека најголемиот дел од нотираниве прашања се однесуваат на системски аспекти – институционална независност, транспарентност, отчетност, долгорочно планирање и модернизација на јавниот сервис.
Се утврди дека значаен дел од прашањата кои ги нотира ЗНМ веќе се уредени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Предлог-статутот на МРТ, вклучително и:

- јавната мисија и програмските обврски на МРТ;
- програмските сервиси и нивното појаснување (член 66 од Предлог-статутот);
- транспарентноста и отчетноста преку обврска за објавување на клучни документи, одлуки, записници и извештаи;
- постапката за избор и надлежностите на Надзорниот одбор.

Дополнително, се нотира дека одредбите за финансирање што се предлагаат од ЗНМ се веќе усогласени со актуелните законски измени и се вградени во Предлог-статутот кој беше на јавна расправа.

Во однос на поголемата вклученост на јавноста, Програмскиот совет веќе ја има утврдено оваа насока како своја определба, што се потврдува и со веќе реализираната јавна седница со еснафските организации и здруженија, како и со планирањето на дополнителна јавна седница посветена на Предлог-статутот.

Секако, се нотира дека транспарентноста и јавноста треба континуирано да се унапредуваат и преку дополнителни механизми, чија примена во значителна мера зависи и од техничко-технолошките можности на јавниот сервис.

Дополнително, Советот има нотирано дека е неопходно МРТ да изготви нова, современа и повеќејазична веб-страница, како еден од клучните предуслови за унапредување на транспарентноста, јавната комуникација и дигиталното присуство.

Во однос на дигиталните платформи, тој нотираше дека во наредниот период едно од приоритетните прашања ќе биде развојот на онлајн присуството и дигиталните сервиси на МРТ, при што став е дека оваа област е поцелисходно да се регулира со посебен општ акт, а не директно во Статутот.

Во однос на етичката рамка, тој укажа дека Предлог-статутот веќе предвидува можност за донесување интерни акти и кодекси. Дополнително, Програмскиот совет има донесено став дека постојниот Етички кодекс треба да се унапреди и усогласи со современите медиумски практики и опкружувања, како и дека е потребно да се подобри функционирањето на Етичката комисија, што ќе се уреди преку посебни интерни акти.

Исто така, се укажува дека прашањето на судир на интереси беше истакнато како важно во предлозите доставени од ЗНМ, но и во други пристигнати предлози во рамки на јавната расправа, при што, земајќи ја предвид значајноста на ова прашање, во Предлог-статутот се предлагаат нови членови со кои системски се уредува оваа област.

Финансиската стабилност и предвидливоста на финансирањето остануваат стратешка определба, што се поврзува и со подготовката на петгодишна стратегија за развој, која ќе биде предмет на јавна расправа, како и со заложбата за користење на можностите за дополнителни средства согласно член 105 став (7) од Законот.

Конечно, се оценува дека дел од системските прашања кои ги нотира ЗНМ и други предлагачи најцелосно можат да се решат преку подготовка и донесување на посебен Закон за МРТ, за што постои јасна определба на Програмскиот совет да се отвори широка јавна дебата.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Следно беше образложението во однос на предлозите доставени од Зоран Богатинов.

Програмскиот совет се заблагодарува за доставените предлози и за даденото детално образложение, имајќи ја предвид долгогодишната професионална работа на предлагачот во МРТ, како и неговата директна вклученост во активностите на Европската радиодифузна унија.
Се констатира дека прашањата за соработка со ЕБУ и меѓународната соработка на МРТ се веќе уредени во делот на Предлог-статутот што се однесува на меѓународна соработка.
Дополнително, со додавањето на член 12 во Статутот, со кое се утврдува дека МРТ поттикнува континуирана обука и професионален развој на вработените, се создава стратешка основа за системско унапредување на обуките, размената на знаења и користењето на можностите што ги нуди Европската радиодифузна унија.
Во однос на предлозите за формирање ЕБУ академија, деск за размена на вести и други организациски решенија, се оценува дека станува збор за оперативни и организациски прашања кои по својата природа соодветно се уредуваат со интерни акти и систематизација, а не со Статут.
Во таа насока, се истакнува дека предлозите ќе бидат земени предвид во наредниот период, при што ќе се стави посебен акцент на обуки, меѓународна соработка и размена, а знаењата и искуствата на предлагачот ќе бидат од значење во овие процеси.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Понатаму се разгледуваше Образложението за член 30, предлог изнесен од страна на Патриот Лумани, член на Програмскиот совет на МРТ.
Во однос на член 30, се има предвид дека примената на Законот за употреба на јазиците претставува директна и обврзувачка законска обврска за сите институции, вклучително и за МРТ и таа обврска постои независно од тоа дали е дополнително прецизирана во Статутот.
Со цел оваа обврска да биде јасно потврдена во Статутот и да биде во согласност со обврските кои произлегуваат од Законот, се предлага член 30 да гласи:

**Предлог-текст на член 30**

**Член 30**

МРТ во своето работење има обврска, во рамки на своите надлежности и можности, да обезбеди примена на одредбите од Законот за употреба на јазиците (Службен весник на РСМ бр. 14/2019), во согласност со Уставот и со уставно утврдените начела за службената употреба на јазиците, вклучително и во институциите каде службен јазик, покрај македонскиот, е и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните.
Воедно, се поаѓа од фактот дека јавната мисија на МРТ во делот на програмските содржини веќе се остварува во целост преку програмскиот сервис на албански јазик (МРТ2), како посебен програмски сервис утврден со Статутот.

Истовремено, во рамки на МРТ континуирано треба да се согледува организациската примена на одредбите од Законот за употреба на јазиците во различните сегменти на работењето, со цел тие да се применуваат доследно и во согласност со законската рамка, земајќи ги предвид реалните кадровски, технички и организациски капацитети на јавниот сервис.
Со ваквиот пристап се обезбедува усогласеност со Уставот и законската рамка, се потврдува исполнувањето на јавната мисија на МРТ и се создава основа примената на Законот за употреба на јазиците да се унапредува на практичен и одржлив начин.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Потоа следуваше техничка корекција на член 81.
Со предложената измена на член 81 се врши техничка и терминолошка корекција, при што изразот „Предлог програмата“ се заменува со „Предлог-петгодишната стратегија“, за да се обезбеди целосна усогласеност на терминологијата во рамки на истиот член и да се избегнат можни нејаснотии во примената.
Со измената не се менува суштината на одредбата, туку се врши усогласување на термините во согласност со предметот на членот.
**Членот 81 треба да гласи:**
Член 81
МРТ е должна Предлог-петгодишната стратегија за развој на МРТ да ја објави на својата интернет страница, со цел да обезбеди јавна расправа, односно да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на Предлог-петгодишната стратегија.
Рокот на траење на јавната расправа не смее да биде пократок од 30 дена од денот на објавувањето на Предлог-петгодишната стратегија од став (1) на овој член.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Воедно, се предложи нова формулација на член 74.
**Член 74**
МРТ во својата работа, како и во остварувањето на меѓународна соработка, се раководи од директивите на Европската унија, актите на Советот на Европа и меѓународните конвенции кои ги ратификувала Република Северна Македонија, како и од искуството и добрите практики на јавните радиодифузни сервиси од други држави, а особено од земјите членки на Европската унија.

Измената на член 74 се предлага со цел да се зајакне формулацијата што се однесува на односот на МРТ кон европските и меѓународните стандарди, така што наместо декларативниот израз „треба да ги има предвид", се воведува формулацијата „се раководи од", која појасно ја изразува стратешката ориентација на МРТ кон овие стандарди.
Оваа измена е во линија и со предлозите доставени во рамки на јавната расправа за Предлог-статутот, во кои беше нагласена потребата МРТ појасно да ја истакне својата определба кон релевантните директиви на Европската унија, актите на Советот на Европа и меѓународните конвенции.
Со ваквата формулација не се воведува директна обврзувачка примена на меѓународни акти надвор од домашната правна рамка, туку се потврдува ориентацијата на МРТ кон усогласување со европските и меѓународните стандарди, во согласност со Уставот и националното законодавство.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Следно, Предлог имаше Билјана Бабиќ, член на Продрамскиот совет на МРТ и тоа во врска со воведување на член за дисциплински постапки.
Во однос на дисциплинските постапки, во кои Програмскиот совет се јавува како второстепена комисија, надлежноста на Советот виси во воздух, со оглед што не е предвидена ниту во деловник, ниту во статут, ниту во колективен договор и правилник. Затоа таа смета дека истата мора да се вметне во статут согласно член 37 –т од Законот за јавни претпријатија:
Против одлуката од ставот 1 на овој член незадоволниот вработен во јавното претпријатие со статус на давател на јавна услуга има право во рок од осум дена да поднесе жалба до надлежниот орган согласно со закон.
Затоа таа смета дека неопходно е во Статутот да се додаде нов член:
**Програмскиот совет на МРТ одлучува во втор степен по жалби против одлуки донесени во дисциплинска постапка за вработени со статус на даватели на јавна услуга, согласно Законот за јавни претпријатија, Колективниот договор и интерните акти на МРТ.**
На овој начин нашето постапување ќе биде законски поткрепено, одбранливо, логично и усогласено со праксата.
По ова мора да следи промена на Колективниот договор и Правилникот за дисциплинска постапка.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Томислав Кежаровски зема збор и рече дека во одредбата за избор на Директор и Заменик Директор, согласно него има пропуст во делот за високо образование, дали треба конкретно да се наведе колку ЕКТС треба да има Директорот и Заменик Директорот, или само да биде наведено – согласно Закон?

Директорот на МРТ Марјан Цветковски, одговори дека Законот е над Статутот.

Потоа се надоврза Маја Седрак, која рече дека според неа не треба да има дополнителни објаснувања поради тоа што условните се подложни на промени, па соодветно на тоа може да предизвикаат проблем при вадење на нови документи. Според неа, доволно би било да стои – согласно Закон.

Понатаму Беким Лачи зема збор во однос на истата одредба, што гласи да има работно искуство од 8 години, дали тоа се однесува на период по завршено образование?

Томислав Кежаровски повторно зема збор во однос на тоа дали треба да биде наведено и уверение за неосудуваност во општите услови.

На крај збор зема Ивана Ефремовски која рече дека до членовите на Програмскиот совет пристигнала покана за 80 години постоење на ЗНМ, на 17.02.2026 година.

Претседателот на Програмскиот совет им се заблагодари за продуктивната средба на присутните на 29-та седница на Програмскиот совет на МРТ, со најава дека следната 30-та седница ќе се одржи во вторник на 17.02.2026 година. Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја затвори Дваесет и деветата седница во 14:08 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-876/2
10.02.2026г.

________________________

Давор Пашоски